Бр. 12-1974/5
09.03.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот ---------- од ----------- на 25.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-тата седница одржана на 29.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од подносителот --------------- од ---------- на 25.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, по која е заведена предмет со број 12-1974/1 од 25.03.2019 година, во која се укажува на сомневања за незаконитости во постапката за вработување на 1 лице на работно место Негувател спроведена по јавен оглас бр. 04-001-08 од 26.09.2018 година во ЈОУ Детска градинка "--------------" --------------, Скопје, во врска со донесувањето на Решение за огласување на управен акт за ништовен во целост со број 0402-32/1 од 19.03.2019 година сторени од Директорот на оваа јавна установа, во текот на изборниот процес 2019 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1974/1 од 25.03.2019 година, поради непостоење можност за проверливост на наводите поради променета фактичка состојба.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1699/1 од 20.03.2019 година оформен врз основа на добиена пријава од подносител ------------- од ----------.

Во пријавата се укажува на сомневања за незаконитости во постапката за вработување на 1 лице на работно место Негувател спроведена по јавен оглас бр. 04-001-08 од 26.09.2018 година во ЈОУ Детска градинка "----------" -------------, , во врска со донесувањето на Решение за огласување на управен акт за ништовен во целост со број 0402-32/1 од 19.03.2019 година сторени од Директорот на оваа јавна установа, во текот на изборниот процес 2019 година.

MQS
Partner of Quality Austria

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата достави Барање за доставување податоци и информации до ЈОУ Детска градинка "----------" ---------, ---------- со кое се побара да се достави целосна документација во врска со постапката за вработување на 1 лице на работно место Неговател во ЈОУ Детска градинка "--------"----------, ------- спроведена врз основа на Јавен оглас бр. 04-001-08 од 26.09.2018 година, вклучително и Актот за систематизација на работни места на Јавната детска градинка "-------"------ и Годишниот план за вработување на Јавната детска градинка "--------"------. Од страна на училиштето не беше доставен одговор до Државната комисија.

По увидот во содржината на пријавата и разгледување на наводите во истата, а при тоа имајќи во предвид законската изборна регулатива и Упатството за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државната управа и управните организации за време на изборниот процес, Државната комисија во конкретниот случај констатира дека поради истек на подолг временски период од моментот на поднесување на пријавата во која се содржани наводите за сомневање за прекршување на правилата на постапување на избраните и именувани лица / јавните службеници за време на изборниот процес 2019 година, не постои можност за проверливост на наводите поради променета фактичка состојба.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk